

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЕУ ВЕСТИ

***мај 2019 година***
***ЕУЦ-број 45/2019***

## ПРЕЗЕНТИРАН ПАКЕТОТ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА 2019




http://europa.eu/

Европската комисија ја усвои годишната проценка за имплементацијата на реформите во земјите од Западен Балкан и Турција. Пакетот за проширување беше презентиран во Европскиот парламент, на Комитетот за надворешна политика на 29 мај годинава, од страна на Комесарот за европска соседска политика и преговори за проширување, Јоханес Хан.

Процесот на пристапување во ЕУ продолжува да се базира врз основа на поставени правила, фер и строги услови и принципот на сопствени заслуги. За да се движи процесот напред, земјите кандидати треба приоритетно да испорачаат видливи и одржливи резултати во клучните области: владеење на правото, судските реформи, борбата против корупција и организираниот криминал, фундаменталните права, функционални демократски институции, реформа на јавната администрација, економски развој и конкурентност. Западниот Балкан исто така мора да оствари напредок во помирувањето, добрососедските односи и регионалната соработка, следејќи го примерот на историскиот договор меѓу Република Северна Македонија и Грција.

Зајакнатиот ангажман на ЕУ со посветеноста кон регионот во изминатата година, веќе дава конкретни и видливи резултати. Република Северна Македонија не само што ја продолжи амбициозната реформска агенда, туку и постигна историски договор со Грција со кој се реши долгогодишниот спор за името. Заедно со билатералниот договор со Бугарија, е пример за зајакнување на добрососедските врски за целиот регион.

*Имајќи го предвид постигнатиот значителен напредок и исполнувањето на условите едногласно поставени од Советот во јуни 2018 година, Комисијата препорача до Советот сега да започнат пристапните преговори со Република Северна Македонија и со Албанија.* Како поддршка за продолжување на реформскиот моментум, Комисијата ќе примени засилен пристап за преговарачките поглавја за правосудството и фундаменталните права, слобода и безбедност, за двете земји.

Во Комуникацијата, Европската комисија наведува дека сепак сите земји не ги искористиле можностите од Стратегијата за Западен Балкан. Некои од земјите стагнирале во напорите особено во клучните области - владеење на правото и фундаменталните права. Од сите политички лидери во регионот се очекува да ги исполнат реформските очекувања на граѓаните и да не остават сомнеж за нивната стратешка ориентација и посветеност за пристапување во ЕУ.

Во Западен Балкан, конструктивниот политички дијалог особено во парламентите, останува да се воспостави. Владите треба да и обезбедат на опозицијата можности целосно да ја оствари својата улога, а опозицијата се очекува конструктивен ангажман во демократскиот процес. Зајакнувањето на надзорната функција на парламентите бара значителни напори. Во Република Северна Македонија, Парламентот го подобри капацитетот за надзор и значително ја намали употребата на скратени парламентарни постапки на 20% во 2018 год.

Советот на ЕУ треба да ги разгледа препораките на Европската комисија и да одлучи за идните чекори.

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| Презентиран Пакетот за проширување на ЕУ 2019 | 1 |
| Нов состав на Европскиот парламент | 2 |
| Усвоена декларација за иднината на Европа | 3 |
| Европска зелена недела 2019 | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-6 |
| Климатските промени врвен приоритет на ЕУ за 2030 година | 7 |
| Самит на лидерите од Западен Балкан | 7 |
| Светски ден на слобода на печатот | 8 |
| Колку новинари има во ЕУ | 8 |
| Европските градови здружени за поодржлив туризам | 9 |
| Економски раст на европската туристичка индустрија: | 9 |
| Електричните возила во постојан пораст | 10 |
| Отворен ден на Европа | 10 |
| Пролетна економска прогноза 2019 на Европската комисија | 11 |
| ЕУ календар / јуни 2019 | 11 |

## НОВ СОСТАВ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

**Број на места во ЕП по земја-членка:**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **Австрија** | **18** |
| **2** | **Белгија** | **21** |
| **3** | **Бугарија** | **17** |
| **4** | **Хрватска** | **11** |
| **5** | **Кипар** | **6** |
| **6** | **Република Чешка** | **21** |
| **7** | **Данска** | **13** |
| **8** | **Естонија** | **6** |
| **9** | **Финска** | **13** |
| **10** | **Франција** | **74** |
| **11** | **Германија** | **96** |
| **12** | **Грција** | **21** |
| **13** | **Унгарија** | **21** |
| **14** | **Ирска** | **11** |
| **15** | **Италија** | **73** |
| **16** | **Латвија** | **8** |
| **17** | **Литванија** | **11** |
| **18** | **Луксембург** | **6** |
| **19** | **Малта** | **6** |
| **20** | **Холандија** | **26** |
| **21** | **Полска** | **51** |
| **22** | **Португалија** | **21** |
| **23** | **Романија** | **32** |
| **24** | **Словачка** | **13** |
| **25** | **Словенија** | **8** |
| **26** | **Шпанија** | **54** |
| **27** | **Шведска** | **20** |
| **28** | **Обединето кралство** | **73** |

На европските избори кои се одржаа на 23 и 26 мај 2019 година избирачите имаа можност да го дадат својот глас за претставник во Европскиот парламент, со мандат во следните 5 години.
Новиот парламент ќе биде составен од 751 пратеници кои ќе ги претставуваат интересите на повеќе од 427 милиони граѓани од 28 земји-членки на Европската унија.
По Брегзит, бројот на пратеници во ЕП се планира да се намали на 705, со 27 места кои ќе се распределат во други земји-членки.
На изборите традиционалните политички партии постигнаа послаби резултати, но силните проевропски партии имаат убедливо мнозинство, односно 493 од вкупно 751 места во Европскиот парламент.
Од вкупниот број на европратеници 36,5% се жени, во споредба со 1979 година кога изнесуваше 16,3%. Финска има најмногу европратенички 76,9%, а најмалку Естонија со 16,7% европратенички.

Според деловничките правила на ЕП, по Лисабонскиот договор од 2009, политичката група се состои од најмалку 25 пратеници избрани во најмалку 7 земји-членки на ЕУ. Политичките групи треба да бидат формирани пред одржувањето на првата пленарна седница на новиот Европски парламент, на 10 јули 2019 година, датум кој останува да биде дополнително потврден.
Врз основа на резултатите од европските избори, политичките групи во Европскиот парламент ќе одржат стратешка, транспарентна и демократска дебата за подготовка на мандатот за следната Европска комисија. Исходот од оваа внатрешна дебата ќе послужи како основа за дијалогот во Европскиот совет. Мандатот за промени и стратешката агенда на Европскиот совет би можеле да се консолидираат со цел формирање цврста основа за обновените приоритети на Европската комисија.

---

**Состав на Европскиот парламент врз основа на достапните конечни (13 земји) и првични (14 земји) резултати објавени по гласањето до 30 мај 2019 година.**

| | | |
|---|---|---|
| Група на европски народни партии (EPP) | 23.70% | 179 мандати |
| Група на прогресивна алијанса (S&D) | 20.37% | 153 мандати |
| Алијанса на либерали и демократи за Европа/Ренесанса/УСР плус(ALDE&R) | 13.98% | 105 мандати |
| Зелените/Европска слободна алијанса (GREEMS/EFA) | 9.19% | 69 мандати |
| Европски конзервативци и реформисти (ECR) | 8.39% | 63 мандати |
| Европа на нации и слобода (ENF) | 7.72% | 58 мандати |
| Група - Европа на слобода и директна демократија (EFDD) | 7.19% | 54 мандати |
| Европска обединета левица/Нордиска зелена левица (GUE/NGL) | 5.06% | 38 мандати |
| Други новоизбрани пратеници кои не учествуваат во политичките групи формирани во претходниот состав | 3.33% | 24 мандати |
| Независни пратеници кои не припаѓаат на ниту една политичка група (NI) | 1.07% | 8 мандати |

Извор: https://www.election-results.eu/european-results/2019-2024/

## УСВОЕНА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ИДНИНАТА НА ЕВРОПА

На неформалниот самит одржан на 9 мај 2019 година во романскиот град Сибиу, лидерите на 27-те земји-членки на ЕУ усвоија Декларација од Сибиу за иднината на Европа. Лидерите потпишаа „десет обврски“ за Европа кои се однесуваат на голем број политики.

Документот го потврдува верувањето на лидерите дека обединети се посилни во сите предизвици во светот. ЕУ со текот на годините прерасна во водечки играч на меѓународната сцена. Обединувајќи повеќе од половина милијарда луѓе и конкурентен единствен пазар, ЕУ претставува светски трговски лидер и ја обликува глобалната политика.

Во Декларацијата се наведува дека ЕУ ќе продолжи да го штити европскиот начин на живот, демократијата и владеењето на правото, да биде онаму каде што е најпотребна и секогаш ќе се придржува до принципите на правдата.

Европската унија ќе се обиде да најде баланс на индивидуалните амбиции, да ја заштити иднината за следната генерација Европејци и да ги заштити граѓаните и нивната безбедност. Една од обврските е Европа како одговорен глобален лидер кој ќе работи со партнери ширум светот за поддршка и развој на меѓународниот поредок базиран на правила, да ги искористи новите можности за тргување и да се справи со глобалните прашања, како екологијата.

Донесените одлуки се во духот на преземените десет обврски, се наведува во соопштението на Европската комисија.

Претседателот на Европскиот совет, Доналд Туск, на Самитот изјави дека на 28 мај ќе се одржи вонреден самит на ЕУ со цел подготовка на именувањето на кандидати за клучните позиции во ЕУ. На вонредниот самит би требало да се поедностават процедурите за избор на кандидатите за клучните позиции во ЕУ до наредниот редовен самит во јуни.



https://ec.europa.eu

## ЕВРОПСКА ЗЕЛЕНА НЕДЕЛА 2019

Европската зелена недела 2019 беше одбележана со одржување на голем број на настани во периодот од 13 до 17 мај 2019 год. во Брисел. Овогодишното издание го отвори Кармену Вела, Комесар за животна средина, поморство и рибарство.

Во фокусот на настаните беше законодавството за животната средина (за квалитетот на водата и воздухот, заштитата на природата, рециклирањето и управувањето со отпадот) како и имплементацијата.

Покрај политичкиот самит на високо ниво, се организираа настани преку сателит низ цела Европа.

Европската комисија во април 2019 година, објави збир на извештаи за состојбата со имплементацијата на законите за животна средина во Европа: Прегледот за имплементација на животната средина (EIR) претставува алатка која им помага на земјите-членки и локалните власти. Прегледот е дизајниран како тековен процес на анализа, дијалог и соработка со цел да се подобри спроведувањето на постојната политика и законодавство на ЕУ за животната средина во сите земји-членки, со објавување на извештаи во земјата во период од две години и структурирани дијалози со земјите-членки.

Извештаите на земјата обезбедуваат дополнителна вредност за граѓаните и организациите на граѓанското општество: сеопфатен преглед на состојбата во секоја земја, овозможуваат да се споредат нивните перформанси, да се идентификуваат заедничките предизвици и да се споделат најдобрите практики.

Спроведувањето на политиката и законодавството за животна средина на ЕУ отвора нови можности за одржлив економски раст, иновации и работни места.

Целосната имплементација на законодавството на ЕУ за животна средина може да заштеди до 55 милијарди евра годишно.

EU GREEN WEEK
An initiative of the European Commission

https://www.eugreenweek.eu/en

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Новоизбраниот претседател на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски на 12 мај 2019 година во Собранието даде свечена изјава, со што и официјално ја презеде функцијата претседател на државата. Пендаровски од собраниската говорница се обрати до сите граѓани и се обврза дека ќе биде претседател на сите. Двата основни приоритети во неговиот мандат, истакна Пендаровски се постигнување повисоки стапки на економски развој и нулта толеранција за криминалот, корупцијата и непотизмот.



Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 20 мај 2019 година оствари посета кај претседателот на државата, Стево Пендаровски. На средбата разговараа за актуелната ситуација во земјата, за очекувањата на граѓаните, и заеднички констатираа дека од суштинска важност е сите релевантни институции во државата во претстојниот период да ги насочат севкупните капацитети и потенцијал во реализација на следниот важен чекор добивање на датум за почеток на пристапните преговори со Европската Унија.

На 6 мај 2019 година претседателот на Собранието, Талат Џафери имаше свое обраќање на промоцијата на поштенската марка „Прва посета на папа во Република Северна Македонија“. Промоцијата претставува посебен начин за одбележување на историската посета на Папата Франциск, поглавар на Римо-католичката црква на нашата земја во рамките на неговата Балканска турнеја.”Нека посетата на Папата Франциск биде охрабрување за сите нас, да бидеме подобри луѓе, потолерантни кон различните од нас, одговорни и посветени претставници на народот кои ќе бидат посветени на градење на подобра иднина за идните генерации“, истакна Џафери.



Во рамки на традиционалната Манифестација во чест на Св. Кирил, што се одржува по повод 24 мај, Денот на сесловенските просветители, браќата Кирил и Методиј, претседателот на Собранието Талат Џафери оствари средба со Папата Франциск и со државниот секретар на Светата Столица, кардиналот Пјетро Паролин во Светата Столица во Рим. На средбата со Папата Франциск, претседателот Џафери изрази задоволство што токму на вакви значајни јубилеи, билатералните односи помеѓу Република Северна Македонија и Светата Столица се интензивираат и се продлабочуваат. На средбата со државниот секретар на Ватикан, Кардиналот Пјетро Паролин, особено внимание беше посветено на верските слободи, како дел од општите човекови права. Беше заклучено дека во нашата држава целосно се почитува правото на вероисповед, а со тоа и положбата на верските заедници. Делегациите на РС. Македонија и Р. Бугарија, на 24 мај положија свежо цвеќе пред плочите поставени во чест на Св. Кирил, во Базиликата Санта Марија Маџоре, во Рим.







На 8 мај 2019 година претседателот на Собранието, Талат Џафери оствари средба со делегацијата на Постојаната Комисија за европски прашања на Претставничкиот дом на Кралството Холандија, предводена од претседателот на комисијата Хајке Велдман, на која беа разменети информации и мислења во врска со нашата европска агенда и реформите кои следат на патот кон утврдување на датумот за преговори со ЕУ. Средба со делегацијата оствария и претседателот на Комисијата за европски прашања во Собранието, Артан Груби и членови на Комисијата.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери, во заедничката изјава на државниот врв, по примањето на Извештајот од Европската комисија во претседателската Вила Водно, рече дека „Извештајот јасно покажува дека Република Северна Македонија целосно ги има постигнато и исполнето препораките од Самитот на Европската Унија од минатиот јуни за можноста до овој јуни да ги исполниме тие препораки, и тоа е доказ дека ние нашиот дел сме го завршиле".

---



Во рамките на дводневната официјална посета на Република Австрија, на 14 и 15 мај 2019 година делегацијата на Собранието предводена од претседателот Џафери, придружуван од пратениците Реџаил Исмаили и Мери Лазарова и Генералната секретарка Цветанка Иванова оствари средба со членовите на билатералната парламентарна група за соработка Австрија - Македонија, предводена од Штефани Криспер. Во рамки на посетата делегацијата од Собранието оствари средба со претседателот на Националниот Совет на Република Австрија, Волфганг Соботка. Тој го поздрави потпишувањето и спроведувањето на Преспанскиот договор и истакна дека, тоа претставува пример за надминување на несогласувањата преку дијалог за сите држави во Европа.Делегацијата на Собранието оствари одделна средба со потпретседателот на Сојузниот Совет, Магнус Брунер. Во текот на официјалната посета на Република Австрија, Делегацијата на Собранието ја посети Работилницата за демократија формирана од австрискиот парламент со цел да ги информира младите луѓе за основните карактеристики на демократијата и парламентарниот систем.

---



Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Кралството Данска во состав: Ивана Туфегџиќ, претседавач и членовите Агим Шаќири, Крсто Јовановски, Теута Биљали, Димитар Стевананџија и Мери Лазарова, на 17 мај 2019 година оствари средба со делегација од Данскиот парламент, предводена од меѓународниот секретар Кенет Финсен. Ивана Туфегџиќ на средбата посочи дека негуваме одлични односи во билатералната соработка со Кралството Данска и повика на продлабочување на таа соработка во други области како што се економијата, младинските политики и животната средина. Соговорниците разменија мислења и за очекувањата на жителите во подалечните и руралните средини од пристапувањето кон ЕУ, какви се и дали има побарување на странски инвестиции во државата од аспект на предизвиците и можности со кои се соочуваат.

---



Генералната комисија за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка во рамките на редовната работа на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа, на 11 мај 2019 година во Собранието одржа седница на тема „Борба против дезинформациите во Југоисточна Европа". На присутните им се обрати потпретседателот на Собранието, Горан Мисовски, кој истакна дека слободата на говорот и слободниот пристап до информации се основни човекови права, а слободното, непристрасно и објективно медиумско известување претставува еден од клучните столбови на секое демократско општество. Презентации на темата имаа и претседателот на Генералната комисија за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка, Џеват Адеми и Зоран Попов, претставник на Советот за регионална соработка.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



***Собранието и граѓанскиот сектор - “Сами можеме многу, но заедно можеме сè”***

Во Собранието на 28 мај се одржа Национален форум на Цивика Мобилитас за соработка меѓу Собранието и граѓанските организации. Во воведното обраќање, претседателот на Собранието, Талат Џафери, истакна дека има напредок во однос на отворениот парламент и соработката со невладиниот сектор, но тоа не значи дека е постигната целта, туку, напротив, парламентарната демократија треба постојано да се развива и надградува. Пред присутните се обратија и координаторите на пратеничките групи на СДСМ и Коалицијата и ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, Јован Митрески и Никола Мицевски, кои го посочија граѓанскиот сектор како силен партнер. Во отворена дебата со прашања и дискусии, присутните имаа можност да разменат позитивни и негативни искуства, да дадат критики и да споделат идеи, сè со цел подобра и поуспешна соработка во интерес на граѓаните.

На состанокот на Постојаниот комитет во Париз, на 24 мај 2019 година, во функција на шеф на Делегацијата на Собранието во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ), пратеникот Бетиан Китев се обрати пред пратениците на дебатата за набљудување на претседателските избори во Северна Македонија. Китев накратко ги информираше членовите на ПССЕ за најновите случувања во Северна Македонија, за затворањето на сите отворени прашања со соседите и значителниот придонес кон регионалната соработка, стабилност и безбедност.





Претседателката на Комисијата за финансирање и буџет, Лилјана Кузмановска, од 8 мај до 11 мај 2019 година учествуваше на регионален семинар на Врховните ревизорски институции и мрежата на парламентарни комисии за финансии, економија и европски интеграции во земјите на Западен Балкан, кој се одржа во Тирана, Република Албанија. Целта на семинарот е размена на искуства за зајакнување на соработката меѓу парламентарните комисии за финансии, економија и европски интеграции и нивните Врховни ревизорски институции.

Во организација на Интерпартиска парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата на Собранието на 17 мај 2019 година беше одбележан Меѓународниот ден против хомофобија, трансфобија и бифобија. Покрај членовите на групата, на настанот присуствуваа и претставници на дипломатскиот кор и организации членки на Националната мрежа за борба против хомофобија и трансфобија. Претставници од Националната мрежа врачија награда за поддржувач на годината на Интерпартиската група за постигнатите прогресивни чекори која ја прими Маја Морчанин, координаторка на групата.



**Закони од НПАА донесени во Собрание во април и мај 2019**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Закон за Централен регистар на население | 11 | Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги |
| 2 | Закон за електронско управување и електронски услуги | 12 | Закон за бесплатна правна помош |
| 3 | Закон за извршување на санкциите | 13 | Закон за социјалната заштита |
| 4 | Закон за услуги | 14 | Закон за Агенција за национална безбедност |
| 5 | Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи | 15 | Закон за координација на безбедносно-разузнавачката заедница во Република Северна Македонија |
| 6 | Закон за практикантство | 16 | Закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите |
| 7 | Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија | 17 | Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи |
| 8 | Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер | 18 | Закон за изменување и дополнување на Законот за странци |
| 9 | Закон за инспекциски надзор | 19 | Закон за акцизите |
| 10 | Закон за спречување и заштита од дискриминација, | | |

## КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВРВЕН ПРИОРИТЕТ НА ЕВРОПА ЗА 2030

Претседателот на Европската комисија, Жан-Клод Јункер, на 9-ти мај изјави дека ЕУ треба повеќе „да се концентрира на непосредни и итни“ климатски политики за 2030 година, отколку на предложениот таргет за 2050 година.
Сегашната цел за 2030 е утврдена на намалување на емисиите за 40%. Анализите на Комисијата покажуваат дека таа цел може лесно да се постигне, додека ажурираните податоци на Комисијата објавени минатата година по усвојувањето на новите закони на ЕУ за обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност, сугерираат дека ќе се оствари намалување на емисиите за најмалку 45%.
Членовите на Европскиот парламент во март годинава се согласија целта за 2030 год. да се зголеми на најмалку 55%, иако потребната едногласност на земјите-членки на ЕУ ќе биде тешко да се постигне во Советот на министри. Еколошките активисти сугерираа повисок таргет на целите, од 80% заради усогласување со најновите научни достигнувања.
Во ноември, извршната власт на ЕУ го претстави нацрт-планот за климатски промени 2050, со кој се настојува економијата на ЕУ да се усогласи на долг рок со обврските на Парискиот договор на блокот држави. Барањето за нула емисии моментално јавно е поддржано од Франција, Холандија, Данска, Шведска, Шпанија, Белгија, Луксембург и Португалија.
Финска, Словенија и Латвија остануваат да се согласат со целта на овој принцип, додека пак Германија, Италија и Полска се’ уште немаат конкретен одговор за поддршка на целта на овој принцип.
Канцеларката Ангела Меркел изјави дека поддржува повеќе напори за климатските промени, иако Берлин не е подготвен да се приклучи на ветувањето за нето-нула емисии. Истакна дека експлицитно дава поддршка за зајакнување на целите на ЕУ, но и дека го поддржува предлогот да се инвестираат 25% од следниот буџет на ЕУ за климатските активности.




www.euractiv.com

## САМИТ НА ЛИДЕРИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

Самитот на лидерите на Западен Балкан се одржа на 8 и 9 мај 2019 година во Тирана, и имаше за цел да пренесе важна политичка порака за заедничките аспирации на земјите од регионот за интеграција во ЕУ.
Лидерите од земјите од Западен Балкан потпишаа декларација со која бараат од ЕУ, проширувањето во овој регион да стане „прашање од геополитичко значење“.
„ЕУ треба да има предвид дека целосната интеграција на Западен Балкан во европскиот систем на вредности е подеднакво значаен фактор како и стабилноста на Европа воопшто“, се истакнува во декларацијата. Тоа „не ја исклучува обврската на земјите кандидати да ги применат стандардите поставени ЕУ за земјите кои бараат полноправно членство“, се наведува во документот.
Словенечкиот претседател Борут Пахор на конференција за новинарите изјави дека проширувањето на Западен Балкан веројатно нема да биде приоритет на следната Европска комисија.
„Затоа мораме да го направиме регионот поатрактивен за останатите членки на ЕУ“, истакна Пахор, додавајќи дека сите земји во регионот треба да бидат повикани да ѝ се придружат на Унијата. Пахор најави дека следниот самит ќе биде одржан во Словенија, најверојатно кон средината на ноември.
На самитот во Тирана специјални гости беа високата претставничка на ЕУ за надворешни работи Федерика Могерини и претседателот на Полска Анджеј Дуда, кој ќе биде домаќин на самитот на Берлинскиот процес во јули годинава.
Главната цел на процесот Брдо-Бриони е европска интеграција на земјите од регионот и стабилизирање на состојбите во Западен Балкан преку јакнење на регионалната соработка и решавање на отворените прашања.



europeanwesternbalkans.com

## СВЕТСКИ ДЕН НА СЛОБОДА НА ПЕЧАТОТ




Одлуката за прогласување на 3 Мај за Светски ден на слобода на печатот е донесена од Генералното собрание на ОН во 1993 година.

„Ниту една демократија не е комплетна без пристап до транспарентни и веродостојни информации. Тоа е камен-темелник за градење на фер и непристрасни институции, одржување на одговорни лидери кои ја зборуваат вистината“, се вели во годинешната порака на Генералниот секретар на ОН, Антонио Гутереш.

По повод одбележувањето на Светскиот ден на слобода на печатот беше одржана Меѓународна конференција на УНЕСКО од 1 до 3 мај 2019 година, во Адис Абеба, Етиопија. Тема на овогодишното издание на Меѓународниот ден на слобода на печатот за 2019 година беше новинарството и изборите во време на дезинформациите.

Учесниците на Конференцијата усвоија Декларација во која повикаа на почитување на правото на слобода на мислење и изразување и одговорноста на земјите-членки на ОН за организирање, спроведување и обезбедување на транспарентни изборни процеси, вклучувајќи ги и медиумите во текот на сите изборни активности.

Денот на слобода на печатот ги потсетува владите за потребата да се почитува нивната посветеност на слободата на печатот и размислување кај медиумските професионалци за прашањата на слободата на печатот и професионалната етика.

Одбележувањето на овој ден претставува прилика за да се информираат граѓаните за кршењето на слободата на печатот - потсетник дека во десетици земји низ светот, публикациите се цензурирани, казнети, суспендирани и затворени, додека новинарите, уредниците и издавачите се малтретирани, или притворени.

Одбележувањето на 26-от по ред Светски ден на слободата на печатот беше заеднички организирано од УНЕСКО, Комисијата на Африканската унија и Владата на Сојузната Демократска Република Етиопија.

https://en.unesco.org

## КОЛКУ НОВИНАРИ ИМА ВО ЕУ?




Во 2018 година, во Европската унија имало околу 0,4 милиони новинари, што е еквивалентно на 0,2% од вкупната вработеност во ЕУ.

Земји-членки со најголем број на вработени новинари се Шведска и Хрватска (0,4% од вкупната вработеност). Најниското учество (0,1% од вкупната вработеност) има во пет земји-членки: Италија, Полска, Литванија, Романија и Словачка.

Во однос на економските активности поврзани со новинарството, 1.3 милиони луѓе (0.5% од вкупната вработеност) биле вработени во издавачките активности - објавувањето на весници и разни списанија.

Податоците за бројот на новинари во 2017 година беа достапни за 18 земји членки на ЕУ:Белгија, Чешка, Германија, Естонија, Франција, Хрватска, Италија, Кипар, Луксембург, Унгарија, Холандија, Австрија, Полска, Словенија, Словачка, Финска, Шведска и Обединетото Кралство. Од овие земји, најголемо учество на новинари е забележано во Естонија и Шведска (0,5% од вкупната вработеност), пред Холандија, Финска и Германија (сите над 0,3%). Словачка и Полска беа на спротивниот крај на скалата (0,1%), а потоа Италија, Чешка, Белгија, Франција, Унгарија и Луксембург (сите под 0,2%).

Информациите за бројот на вработени новинари во ЕУ биле добиени од спроведена Анкета за работната сила на ЕУ, а објавени по повод одбележувањето на Светскиот ден на слобода на печатот.

https://ec.europa.eu

## ЕВРОПСКИТЕ ГРАДОВИ ЗДРУЖЕНИ ЗА ПООДРЖЛИВ ТУРИЗАМ

Копенхаген во Данска, Ланзароте во Шпанија и Краков во Полска, вклучително и 26 градови, на 14 мај 2019 година потпишаа Повелба која ја одразува намерата на локалните и регионалните власти да го намалат создавањето на отпад и транзиција кон циркуларната економија, како и подобрување на управувањето со отпадот од туристи и промовирање на одржлива потрошувачка.

Туризмот е трет по големина економски сектор во ЕУ кој е тесно поврзан со други важни области како културата, храната и спортот. Туризмот како и другите активности има значителното влијание врз животната средина кое произлегува од инфраструктурата, транспортот и создавањето на отпад, како и потрошувачката на вода и енергија.

Создавањето отпад е посебен предизвик за локалните и регионалните власти поради фактот што отпадот што го создаваат туристите во голема мера го надминува оној на жителите. Постојат сезонски варијации во количеството и составот на отпадот кои се проблематични, како на пр. отпадот за време на спортските настани.

Градовите и регионите се вклучени во подигање на свеста и мотивирање на туристите да се однесуваат одговорно. Колку што туризмот може да претставува еколошка закана, тој може да игра улога во поттикнување на заштитата на животната средина.

Проектот „Урбан отпад“ има за цел да им помогне на креаторите на политиките да одговорат на предизвиците на зголемениот туризам во европските градови, вклучувајќи ги и високите нивоа на неодржлива потрошувачка на ресурси и производство на отпад.

Целта на проектот е стратегиите да бидат прилагодени на специфичностите на вклучените градови и региони.

www.euractiv.com

## ЕКОНОМСКИ РАСТ НА ЕВРОПСКАТА ТУРИСТИЧКА ИНДУСТРИЈА

Туристичките индустрии не нудат услуги само за туристите. Бројот на вработени лица и прометот се поврзани со услугите што им се обезбедуваат не само на туристите, туку и на други лица и бизниси како ресторантите.

Во периодот меѓу 2012 и 2016 година, туристичката индустрија покажа посилен раст од вкупната економија во однос на бројот на претпријатија, прометот, додадената вредност и вработените лица.

Туристичката индустрија во 2016 год. броела 2,4 милиони претпријатија и вработени 13,6 милиони луѓе, што претставува 10% од лицата вработени во нефинансиската деловна економија и 22% од лицата вработени во услужниот сектор.

Кај индустриите кои се занимаваат претежно со туризам помеѓу 2012 и 2016 год. бројот на претпријатија се зголемил за 19% на 405.000, прометот за 13%, додадената вредност забележала раст од 28%, а бројот на вработените се зголеми за 10%. За вкупната економија, соодветните стапки на раст биле 9%, 5%, 16% и 6%, соодветно. Помеѓу 2012 и 2016 година, туристичката индустрија покажала посилен раст од вкупната економија во однос на бројот на претпријатија, прометот, додадената вредност и вработените лица.






https://ec.europa.eu

## ЕЛЕКТРИЧНИТЕ ВОЗИЛА ВО ПОСТОЈАН ПОРАСТ



Поголем пораст на електричните возила е забележан во 2017 година, кога бројот на хибридни електрични бензин автомобили достигнал 1,5 милион, речиси 7 пати поголем од бројот на регистрирани електрични возила во 2013 год. само 0,2 милиони.
Во 2017 година од вкупно регистрирани 262 милиони автомобили во земјите-членки на ЕУ, околу 2 милиони (0,8%) од нив се класифицирани како електрични автомобили или хибридни електрични автомобили што може да возат во комбинација со бензински или дизел мотор.
ЕУ во 2018 година во овој сектор остварила извоз на електрични автомобили и хибридни електрични автомобили во вредност од 4,7 милијарди евра .
Меѓу земјите-членки на ЕУ, најголемиот извозник на електрични и хибридни електрични автомобили надвор од ЕУ во 2018 година е Германија (64% од извозот во однос на вредноста), потоа Шведска (13%) и Обединетото Кралство (10%). Овие три земји исто така се меѓу првите четири земји-членки кои увезуваат електрични и хибридни електрични автомобили надвор од ЕУ: Германија (26% од увозот на ЕУ во однос на вредноста), Белгија и Шведска (и 16%) и Обединетото Кралство (15 %).
Меѓу земјите-членки на ЕУ за кои има достапни податоци со по повеќе од 1% регистрирани електрични или хибридни електрични возила се Шведска со 2,4%, Полска со 1,9%, Обединетото Кралство со 1,5%, Франција 1,4% и Белгија 1,2 % - се наведува во извештајот на Евростат.
Во Република Северна Македонија недостига официјална бројка на електрични автомобили, но се проценува дека изнесува околу 80 електромобили. Заедно со хибридните возила постојат 200 автомобили, од кои 47 електрични автомобили се во главниот град, додека другите се низ државата. Генерално, порастот на електричните возила во земјава е спор, бидејќи во 2015 година имаше 33 електрични возила, додека за три години таа бројка достигнала само 80 возила.

https://ec.europa.eu

---

## ОТВОРЕН ДЕН НА ЕВРОПА




На 4 мај 2019 година, европските институции ги отворија вратите за граѓаните. „Отворен ден на ЕУ“ претставува единствена можност да се открие влијанието на европските институции. Може да се посетат зградите на институциите и да се учествува во посебни активности, како јавни дебати и тури.
Главна тема годинава беа „Европските избори“. Во овој контекст, во фокусот на активностите на Отворениот ден на ЕУ беше додадената вредност на ЕУ во регионите и градовите и поврзаноста на важноста на гласањето за обликување иднината на ЕУ.
Најголемо внимание беше посветено на регионите и градовите на ЕУ со организирање на бројни штандови кои понудија иновативни активности за комуникација со посетителите и презентација на проекти финансирани од ЕУ во регионите и градовите, со кои беа претставени придобивките што ги носи ЕУ на локално и регионално ниво. Учесниците има можност да го посетат информативниот штанд на Европскиот комитет на региони, како и штандовите од своите политички групи.
Оваа година Европскиот комитет на регионите (CoR) одбележа 25 годишнина (1994-2019) со фестивал на региони и градови. Посетителите имаа можност да разменат мислења со членовите на Европскиот економски и социјален комитет (EESC) за претстојните избори и иднината на Европа, како и за улогата на Комитетот во процесот на донесување одлуки во Европа.

https://cor.europa.eu

## ПРОЛЕТНА ЕКОНОМСКА ПРОГНОЗА 2019 НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

Европската комисија на 07 мај ја објави Пролетната економска прогноза за 2019. Прогнозата ги покрива 2018, 2019 и 2020 година и вклучува клучни економски чинители како: растот на БДП, вработеноста, невработеноста, бруто долгот и инфлацијата за сите 28 земји-членки на ЕУ. Очекувањата се реалниот БДП да расте во сите земји-членки на ЕУ бидејќи се предвидува раст на европската економија.
Неодамнешното забавување на глобалниот раст и светската трговија, заедно со високата несигурност во однос на трговската политика, ги одредува изгледите за раст на БДП во 2019 и 2020 год. Постојаната слабост на производствениот сектор има свој удел, особено кај земјите што се соочуваат со специфични проблеми во автомобилската индустрија.
Растот на вработеноста во ЕУ се очекува да продолжи. Зголемувањето на платите, поволните услови за финансирање и поддршка на фискалните мерки во некои земји-членки, се очекува да ја зајакнат домашната побарувачка. Со прогнозираниот послаб раст и глобалната трговија во споредба со брзото темпо од 2017 год. економскиот раст во Европа целосно ќе се потпира на домашната активност.
Се очекува пораст на БДП во 2019 година за 1,4% во ЕУ и 1,2% во еврозоната. Растот на БДП за следната 2020 година се очекува да се зајакне до 1,6% во ЕУ и 1,5% во еврозоната. Иако во некои земји -членки невработеноста е висока, сепак невработеноста во ЕУ во март 2019 год. падна на најниска стапка. Невработеноста во еврозоната моментално е со најниска стапка од 2008 година.
Инфлацијата во ЕУ се очекува да се намали на ниво од 1,6% во 2019 год. и на 1,7% во 2020. Надворешната инфлација во еврозоната се намалила од 1,9% во последниот квартал од 2018 год. на 1,4% во првиот квартал од оваа година. Со претпоставка дека нема да има промена во економските политики, Комисијата очекува стапката на долг кон БДП на ЕУ да се намали од 81,5% во 2018 година, на 80,2% во 2019 година и 78,8% во 2020 година.




https://ec.europa.eu

***ЕУ КАЛЕНДАР / јуни 2019***

*1.Состанок на Советот за надворешни работи на ЕУ, 17/06/2019, Луксембург;*
*2.Состанок на Европскиот совет, 20-21/06/2019, Брисел, Белгија;*
*3.Денови на граѓанското општество “Одржлива демократија за Европа”, 12-13/06/2019, Брисел, Белгија;*
*4.Ден на проширувањето на ЕУ, 19/06/2019, Европски комитет на региони, Брисел, Белгија;*
*5. Европска недела на одржлива енергија, 17-21/06/2019,Брисел, Белгија.*



СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациско е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




